**ИЗЛОЖБИ**

**ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВСКИ**

# Декоративни контури

**● КОН ИЗЛОЖБАТА „СКУЛПТУРА — ПРОСТОР" ВО МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ**

Првата полови на 80-те години беше обележана со група уметници кои во скулптурата остварија обнова и креативно вклучување во општите текови. Тие сè уште создаваат, но во втората половина на оваа деценија се појави втора група автори која главно своето образование го стекна на Факултетот за ликовни уметности во Скопје. Овој „втор бран" донесе некои промени: во користењето на поцврст материјал, обликување компактни волумени, но и нова осмисленост во просторот. Всушност, на извесен начин може да се говори за поинакво продолжување на некои настојувања во македонската скулптура, непосредно пред неа, но и неколку децении порано. И тоа пред сè во враќањето на изворното и амбиенталното артикулирање на обликот, поединечно или во групи распореден во просторот. Во делата на излагачите на изложбата „Скулптура — простор" во Музејот на современата уметност во Скопје, нагласен е поедноставениот облик, напнат и компактен волумен или извлекување на смирена, речиси декоративна контура на масата.

Томе Адиевски (1958), кој е школуван во Загреб, се претставува со група скулптури во дрво кои имаат збиен, затворен волумен и го откриваат значењето на „разголениот" пречистен облик, кој асоцира на некои рудиментарни предмети. Маргарита Киселичка — Калајџиева (1962) се задржува на крајно упростени форми во дрво, често речиси необработени природни форми со извесно амбиентално назначување. Станко Павлески (1959) обработува чисти пластични структури во метал, смирено или динамично, архитектурални форми поставени во просторот. Тоа е рационално промислен и инвентивно спроведен неоминимализам. Исмет Рамичевиќ (1960) го користи металот, некаде обоен, и камчиња, но за сосема поинаква цел. Тој креира целини составени од одделни елементи и строги форми, некаде мобилни, кои уверливо сугерираат сакралност и извесна метафизичност. Тоа е уште еден напор на скулптурата да ѝ се дадат нови значења и промисленост.

Секое задоволство од можноста да се видат новите остварувања на овие уметници, на чиј телент е укажано и пред минатогодишното Биенале на младите, се обојува со извесна горчина. Никогаш не е доволно да се повтори: крајно е неповолна материјалната положба на скулпторите (средства, материјали, транспорт). Нивните напори се несекојдневни, особено по квалитетните достигања. Но што значи тоа во нашата средина. Прво ракоплескање, потоа една до две критики и во најдобар случај по некој откуп — секако само од заедниците. Значи и можната афирмација, барем што се однесува до скулптурата, нема некои позначителни ефекти. Посебно прашање е проблемот со ателјеа, како и соодветното презентирање на овие автори надвор од нашата средина. Тоа кај нас најчесто зависи од пробивноста и личниот ангажман на уметникот (добар пример за тоа се Глигор Стефанов, Петре Николовски и други).

На крајот, оваа изложба само регистрира еден момент, за жал потворно панорамско и концепциски необмислено претставување. Но, вообичаено е на некој начин да се пополнуваат програмите за активност, од кое барем уметниците имаат некаков интерес.

Нова Македонија — 10 · XII · 1988 —